# ЗАПИСНИК

од седумнаесеттиот состанок во 2014 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 26.11.2014 година во 10:00 часот

Седумнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 26.10.2014 година во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова;
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров;
3. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски;
4. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов;
5. Директорот на Агенција за електронски комуникации – Роберт Орданоски;
6. Шефот на кабинет на Директорот - Елизабета Двојакова;
7. Советникот за анализа на пазар - Владимир Ристевски;
8. Раководителот на Секторот за правни работи - Бојана Стефановска.

Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини беше оправдано отсутен.

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневен ред:

**1.Усвојување на Записникот од седумнаесеттиот состанок на Комисијата на АЕК одржана на 26.11.2014 година и усвојување на предлог дневниот ред за осумнаесеттиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК;**

Од страна на Комисијата беше усвоен Записникот од седумнаесеттиот состанок на Комисијата на АЕК одржан на 26.11.2014 и дневниот ред за осумнаесеттиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК.

**2.Барање на согласност за измена на Планот за јавни набавки за 2014 година (Анекс 4);**

Имајќи во предвид дека измената се однесува за одржување и редовен сервис на техничката опрема во Агенцијата и тоа за двата лифта за превоз на лица и еден лифт за стоки, како и за одржување и редовен сервис на термотехничка опрема и инсталации Комисијата даде согласност за измена на Планот за јавни набавки за 2014 година.

**3.Барање на согласност за:**

**- јавна набавка за Одржување и редовен сервис на техничка опрема - два лифта за превоз на лица и еден лифт за стоки;**

Беа повикани стручните служби да ја објаснат потребата од овој вид на набавка и истите истакнаа дека е потребно да се случи договор за одржување и редовен сервис на двата лифта за превоз на лица и едниот лифт за стоки, за да може да се изврши технички прием за административниот објект на АЕК. Договорот ќе се склучи со фирмата која што го има инсталирано лифтот, бидејќи истата фирма достави изјава дека додека лифтовите се во гарантен период само тие можат да интервенираат во одржување на лифтовите. Стручните служби истакнаа дека за сево ова се извршени консултации со Советот за јавни набавки и за тоа е дадев ваков предлог, по што членовите дадоа согласност за ваков вид на набавка.

**- јавна набавка за Одржување и редовен сервис на термотехничка опрема и инсталации;**

Стручните служби ја објаснаа потребата од овој вид на набавка и истите истакнаа дека е потребно да се случи договор за одржување и редовен сервис на термотехничка опрема и инсталации со фирмата шти ја има инсталирано опремата. Истата фирма достави изјава дека додека опремата е во гарантен период само тие можат да интервенираат во одржувањето, а исто така и имаат ексклузивно право во РМ за имплементација и одржување на соодветната опрема. Стручните служби истакнаа дека за сево ова се извршени консултации со Советот за јавни набавки и за тоа е дадев ваков предлог, по што членовите дадоа согласност за ваков вид на набавка.

**- јавна набавка за дезинфекција, дезинсекција и дератизација;**

Членовите на комисијата дадоа согласност за ваков вид на набавка.

**4.Согласност за донација на средства на Агенција за катастар и недвижности за софтвер за електронски регистар на градежно земјиште.**

Имајќи во предвид дека стигна решението од министерство за правда со кое се потврдува донацијата од јавен интерес од областа на информатичкото општество како јавна дејност, членовите дадоа задолжување средствата да се префрлат до крајот на неделата.

**5.Разно**

Претседателот на комисијата даде задолжување да се затворат прашањата околу веќе договорените и изгласани заклучоци од предходните состаноци, како што се донацијата на КК Соколи и потпишување на анекс со МРТ.

Состанокот заврши во 11:45 часот.

**Гордана Клинчарова, претседател** ________________

**Славе Веловски, член** ________________

**Петар Есмеров, член** ________________

**Горан Велинов , член** ________________

Наш број 1102-21/2
Скопје 01.12.2014

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk